**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА 2019 ГОДИНА

за спроведување на активности од Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020,

кои се во надлежност на Агенцијата за вработување на Република Македонија

Скопје, Декември 2018 година

Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ) е вклучена во спроведувањето на Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020.

Согласно дефинираните стратешки цели во Националниот план, Агенцијата за вработување изработи Оперативен план за 2019 година за спроведување на активности од Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020, кои се во надлежност на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Во Оперативниот план се дефинирани активностите кои ќе бидат реализирани, институциите со кои Агенцијата за вработување ќе соработува во спроведувањето на активностите, временската рамка за нивна реализација, како и индикаторите за следење, со цел успешно да се имплементираат планираните активности. Со Оперативниот план се опфатени активностите кои се однесуваат на специфичната стратешка цел “Подобрување на политиките и мерките со цел надминување на пречките за зголемена вработеност на жените”, за кои Агенцијата за вработување е определена како одговорна институција во Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: Подобрување на степенот на родова еднаквост во приоритетни тематски области

| **Специфична стратешка цел 2.3: Подобрување на политиките и мерките со цел надминување на пречките за зголемена вработеност на жените** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Резултат** | **Индикатор на ниво на резултат** | **Активности** | **Одговорна институција /соработници** | **Временска рамка** | **Извор на финансирање (според НПАРЕ 2018-2020*)** |
| - Унапредени политики и мерки за зголемување на вработеноста кај жените | - Најмалку 10% зголемување на бројот на жените кои ги искористиле мерките за вработување и самовработување (во периодот 2018-2020)<br>- Најмалку 40 општини кои спроведуваат активности за промоција на | - Организирање и спроведување на средби за промоција на активните програми и мерки за вработување и самовработување<br>- Спроведување на информативни средби со жени од урбаните и руралните општини, за | Одговорни: АВРМ<br>Соработници: МЛС<br>ЕЛС<br>ГО | Континуирано во текот на 2019 год.<br>Континуирано во текот на 2019 год. | МТСП<br>УНДП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | мерките за вработување и самовработување кај жените | информирање за активните програми и мерки за вработување и самовработување<br><br>- Спроведување на мотивациски обуки за информирање и мотивирање на невработени лица<br><br>- Имплементација на активните програми и мерки за вработување и самовработување | | Континуирано во текот на 2019 год.<br><br>Континуирано во текот на 2019 год. | |

* Колоната Извор на финансирање е пополнета согласно наведениот извор за реализација на активностите од Специфичната стратешка цел 2.3 на Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020, за кои АВРМ е определена како одговорна институција. Активностите кои ќе ги реализира АВРМ како дел од услугите за вработување (мотивациски обуки и др.) ќе бидат финансирани од Буџетот на АВРМ